Извештај

за работата на градоначалникот на Општина Кривогаштани

Игор Каравилоски

Прва годишнина од мандатот
3 ноември 2026 година

Опфат на активностите
од 03.11.2025 до 02.11.2026 година

Документот ги прикажува потврдените активности, договорените инвестиции и програмските приоритети.

Прилозите овозможуваат проверка на вредностите и изворите.

Кривогаштани
3 ноември 2026 година

Содржина

Воведно обраќање....3
1 Општински финансии и одговорно управување со обврските....4
2 Транспарентност и услуги за граѓаните....5
3 Локални улици и патна инфраструктура....7
4 Водоснабдување и третман на отпадните води....9
5 Комунални услуги и управување со отпад....10
6 Животна средина и заштита на земјоделското земјиште....11
7 Земјоделство и локална економија....13
8 Образование и поддршка на учениците....13
9 Социјална заштита и еднакви можности....14
10 Здравје и безбедност на граѓаните....17
11 Млади и спорт....18
12 Култура и промоција на Кривогаштани....19
13 Партнерства и приоритети за следниот период....20
Завршно обраќање....22
Прилог А Финансиски показатели....23
Прилог Б Проекти и потврден статус....26
Прилог В Годишни програми и врска со реализацијата....28
Прилог Г Регистар на договорите за јавни набавки....30
Прилог Д Извори и правила за читање на отчетот....34

Воведно обраќање



Почитувани сограѓани, почитувани членови на Советот, претставници на институциите, здруженијата и деловната заедница,

Во пресрет на првата годишнина од преземањето на функцијата градоначалник, пред вас ја претставувам работата што ја извршивме, одлуките што ги донесовме и обврските што продолжуваме да ги исполнуваме. Функцијата ја презедов на 3 ноември 2025 година. Овој отчет ги опфаќа активностите и податоците до 2 ноември 2026 година, со јасна определба граѓаните да имаат увид во резултатите, финансиската состојба и следните чекори.

Почетниот период од мандатот го насочивме кон одржување на основните услуги, придвижување на инфраструктурните проекти и развивање поддршка за семејствата, учениците, младите и повозрасните жители. Дел од проектите се реализираат со средства од државните институции и меѓународните партнери. Дел произлегуваат од претходно започнати постапки, кои имаме обврска одговорно да ги продолжиме. Во секој случај, нашата задача е вложувањето да стигне до граѓаните како употреблива улица, достапна услуга или подобри услови во јавните установи.

Оваа работа ја извршуваме во општина со значајни финансиски обврски и со инфраструктурни потреби во повеќе населени места. Затоа отчетот ги содржи и тешкотиите со кои се соочуваме. Преземените обврски, склучените договори и завршените проекти имаат различно значење и затоа одделно се прикажани во овој документ.

Мојата одговорност е да објаснам до каде сме стигнале и што треба да се направи за започнатата работа да даде траен резултат.

1 Општински финансии и одговорно управување со обврските

Буџетот како основа за работата

Советот го усвои Буџетот за 2026 година на 29 декември 2025 година. Во општиот дел на објавениот акт се наведени приходи од 135.828.548 денари, расходи од 134.928.548 денари и одлив од 900.000 денари за отплата на главница. Тоа е почетната буџетска основа за општинските надлежности и за работата на јавните установи. [2]

Во најновата буџетска рамка на консолидираниот буџет се прикажани вкупно предвидени расходи од 180.742.933 денари. Во неа основниот буџет е 92.914.556 денари, дотациите се 78.628.427 денари, самофинансирачките активности се 9.180.750 денари, а донациите 19.200 денари. Разликата од 6.424.750 денари во однос на претходно објавените табели е во планот за самофинансирачките активности, како и разлика од 43.355.252,00 ден кои се по основ на предвидени расходи за капитални инвестиции согласно реализацијата на капиталните проекти во општина Кривгаштани.

Извршување на буџетот до крајот на септември

За периодот од јануари до септември 2026 година, К1 покажува реализација на 91.814.162 денари од тековно оперативни приходи и 545.432,00 ден капитални приходи. Приходите се 51,10 проценти, а исплатите 49,27 проценти од годишната рамка прикажана во истиот извештај. Кварталниот образец ги прикажува кумулативните износи од почетокот на годината. [5]

Од вкупните исплати, 86.764.426 денари се тековно оперативни расходи во дел на К1, во кој е вклучена и отплатата на главница, а 2.291.301 денар се капитални расходи. За плати, придонеси и други надоместоци за вработените се реализирани 70.056.321 денар во опфатот на консолидираниот општинскиот буџет кој преставува збир на буџетите од сите институции во општина Кривогаштани. Капиталните расходи до 30 септември изнесуваат 5,61 проценти од годишниот капитален план од 40.828.684 денари. Во однос на јунските 971.318 денари, во третиот квартал се додадени 1.319.983 денари. Напредок во плаќањата има, но реализацијата останува ниска во однос на планот. Потребни се поголема динамика и редовно усогласување на изведените работи, потврдените ситуации и навремени исплати од Министерствата. [6] [5]

Градежните активности финансирани директно преку државни или меѓународни проекти не се прикажуваат како општинска капитална исплата во овој образец. Затоа за секој проект одделно ги следиме изворот на финансирање, напредокот на терен и финансиското извршување. Процентот од К1 е показател за буџетските капитални

исплати, а оценката на целокупната работа бара и податоци за услугите и завршените зафати.

Финансиските обврски и нивно редовно подмирување

На 30 септември 2026 година, според К2, доспеаните неплатени обврски изнесуваат 43.763.791 денар. Во јуни изнесувале 40.344.621 денар, што значи зголемување од 3.419.170 денари, односно 8,47 проценти, во третиот квартал. Оваа состојба се должи на реализирани капитални проекти за кои се обезбедени средства од Министерството за транспорт, кои сеуште не се префрлени на сметка од општината. [7]

На 26 мај Советот донесе одлука општината да преземе долг на ООУ „Јонче Смугрески“ од Обршани кон „Роз Руб Транс“ во износ од 1.581.196 денари, за училиштето да ја извршува основната дејност. На 10 септември беше донесена и одлука за преземање долг на ЈП „Пелагонија“ кон ЈП „Студенчица“ од 505.757 денари, за поддршка на водоснабдувањето и третманот на отпадните води. Одлуките и нивното финансиско затворање се следат одделно, преку евиденцијата за плаќања. [8] [9]

К1 прикажува 1.655.139 денари отплатена главница од јануари до септември. Само во третиот квартал разликата во однос на јунскиот пресек е 827.578 денари, што се совпаѓа со трите отплати наведени во К3 за тој квартал. К3 ги опфаќа обврските превземени по основ на подигнати кредити за капитални расходи за асфалтирање, ЛЕД улично осветлување на територија на општина Кривогаштани и механизација за ЈКП.

Ќе продолжиме да ги поврзуваме развојните потреби со финансиските можности. Тоа бара реално планирање на приходите, почитување на намената на средствата, уредна евиденција и редослед на плаќања што го заштитува функционирањето на училиштата, комуналните услуги и општинската администрација.

2 Транспарентност и услуги за граѓаните

Достапни информации за јавните средства

Во истражувањето на Центарот за економски анализи за 2025 и 2026 година, Општина Кривогаштани има 15 од можни 16 поени за буџетска транспарентност, наспроти 13 во претходното мерење. Даночната транспарентност е оценета со 71 процент, со подобрување од 17 процентни поени. Ова се показатели за достапноста на информациите и документите, кои ни помагаат да ја оцениме отвореноста на општината. [11]

Резултатот треба да се одржува со редовна работа. Затоа приоритет е буџетите, кварталните извештаи, програмите, службените гласници и јавните набавки да бидат подредени и разбирливи за секој што сака да ги провери. [11]

На општинската веб-страница се достапни буџетските документи, програмите, актите на Советот и информациите за јавните набавки. Во декември 2025 година објавивме повик граѓаните да доставуваат предлози за Буџетот за 2026 година, електронски или во општинската архива. Ваквата можност има вредност кога предлозите се разгледуваат навреме и се поврзуваат со реалните приоритети на населените места. За подготовка на Буџетот за 2027 година, ќе се одржат средби со граѓаните во населените места. [12] [13]

Нова веб страница и дигитални услуги

На 21 октомври ја претставивме новата официјална веб страница на општината, изработена врз основа на договор со Министерството за дигитална трансформација. Платформата е достапна, а нејзиното доуредување продолжува. Целта е граѓаните полесно да ги пронаоѓаат информациите, документите и услугите на едно место. [14]

Како следен чекор е планирана можност за онлајн плаќање даноци и такси, за што се почнати конкретни активности. За користење на оваа платформа ќе треба да се завршат подготовките и граѓаните да добијат јасни упатства. [14]

Набавки што може да се проверат

Во Електронскиот систем за јавни набавки, за договорниот орган Општина Кривогаштани, заклучно со 01.11.2026 година се евидентирани 22 известувања за склучени договори по 17 броеви на огласи. Збирот на евидентираните договорни вредности е 38.455.577,90 денари со ДДВ. Од нив, 32.367.983,86 денари се однесуваат на договори за градежни работи. Регистарот во прилог ги содржи датумите, изведувачите, предметите и вредностите, со врски до известувањата и објавените договори. [15]

Овие износи ја покажуваат вредноста на договорените набавки, вклучувајќи рамковни спогодби. Извршените плаќања се прикажуваат во финансиските извештаи. Ќе продолжиме да ја подобруваме прегледноста на податоците, за граѓаните лесно да ја следат целата постапка од планирање до реализација.

Пристап до услуги и информации

Во март 2026 година беше објавено воведувањето бесплатна Wi-Fi мрежа во централното подрачје на општината. Тоа е практична услуга за жителите и посетителите, која го олеснува пристапот до информации и комуникација во јавниот простор. [16]

Во јануари беа известени и граѓаните со прекинати постапки за легализација да ги комплетираат барањата со потребната документација во наведениот рок. Работата со граѓаните бара јасни упатства, навремени известувања и помош во постапките што се во општинска надлежност. [17]

Иницијатива за канцеларија за управни работи

На седницата на Локалниот совет за превенција на 28 октомври, по барање на граѓаните, покренав иницијатива за отворање канцеларија за управни работи во Полициското одделение во Кривогаштани. Со неа бараме услугите за издавање лични документи да бидат поблиску до жителите и да се намалат патувањето, трошоците и времето за нивно добивање. [94]

Официјално барање заедно со Записникот од одржаната седница ќе биде доставено до Министерството за внатрешни работи. Отворањето и почетокот на работа на канцеларијата зависи исклучиво од постапувањето на надлежното министерство. [94]

3 Локални улици и патна инфраструктура

Главната улица во Пашино Рувци

Реконструкцијата на главната улица во Пашино Рувци е еден од поголемите инфраструктурни зафати што се реализираат во овој период. Проектот се спроведува преку Министерството за транспорт, со поддршка од Светска банка. На граѓаните им беше овозможено да доставуваат забелешки и предлози за изведбата. [18] [19]

Улицата е во должина од 922 метри, а коловозот со ширина од 5 метри, 4.610 квадратни метри асфалтирана површина и 1.155 квадратни метри тротоари, како и дополнително продолжение на тротоарот до ООУ „Јонче Смугрески“.

Асфалтниот слој и тротоарите се изведени, а преостанува уште поставувањето на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација. И оперативната проектна евиденција ја води главната улица во завршна фаза, со преостаната сигнализација.

За жителите ова значи подобра основа за секојдневното движење и побезбеден простор за пешаците. Одговорноста на општината е да го следи довршувањето на сите елементи и нивното правилно одржување. Техничкиот прием и конечната пресметка се важни за проектот да биде завршен и документарно и практично.

Улиците во Кривогаштани и Боротино

Во април беше извршен теренски увид во работите на „Гоце Делчев“, со три краци и дел од „Австриска“, како и на „Браќа Моцаноски“ во Кривогаштани. Во оперативната проектна евиденција за 2026 година, „Гоце Делчев“ и делот од „Австриска“ се заведени како завршени. „Браќа Моцаноски“ е делумно завршена, со преостаната корекција на вториот крак поради утврдени отстапувања. Тоа е обврска што треба да се доврши со изведувачот и надзорот. [22]

Реконструкцијата на дел од „Методија Патчев“ во Боротино, започната на 23 јуни, во проектната евиденција исто така е означена како завршена. Објавениот опфат е 188,5 метри до црквата „Св. Марина“, а договорната вредност со „Игнација ФМ“ е

1.736.451,62 денари со ДДВ. Финансирањето е преку капиталните дотации на Министерството за транспорт. [23] [Д12]

Напредок на договорените зафати

Четирите договори од 29 април во постапката 04148/2026 имаат збирна вредност од 6.687.281,39 денари со ДДВ. Покрај „Методија Патчев“, опфатени се сервисната улица „5“ во Кривогаштани, локалната улица во Бела Црква и посебна улица во Пашино Рувци. Во оперативната евиденција сервисната улица и улицата во Бела Црква се заведени како завршени, а за улицата во Пашино Рувци на КП 2430/1, 552 и 528/3 е наведена завршна фаза на асфалтирање. [Д11] [Д12] [Д13] [Д14]

Улицата на овие парцели, како и ул. „Борис Трајковски“ во Пашино Рувци се посебен зафат од главната улица што ја изведува „Гранит“. Истите се веќе асфалтирани и во завршна фаза на реализација.

За дел од „Илинденска“, пешачката патека во Обршани и патот Славеј кон Заполжани се евидентирани склучени договори и очекуван почеток на работите. Оперативната листа го води и проектот за ул. „Филип Втори“ во Кривогаштани (Позади полициското одделение) како договорен. Истиот е опфатен со оглас бр. 16866/2026 на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион за дел од оваа улица, со опфат од 109,88 метри и веќе се започнати работните активности на терен.

Документација за следните инвестиции

За „Архиепископ Доситеј“ во Крушеани беше обезбедена поддршка од Бирото за регионален развој, со објавен износ од 242.372 денари за техничка документација. Во ЕСЈН се евидентирани договори од 70.800 денари за основен проект и 14.160 денари за ревизија. На 9 октомври е потврден почетокот на геодетските работи. Обезбедената поддршка и склучените договори се различни финансиски категории и се прикажани со нивните точни износи. [24] [25] [Д3] [Д4]

За „Браќа Моцаноски“ се склучени и договори за проектна документација со атмосферска канализација и за ревизија. Во оперативната евиденција оваа документација е заведена како завршена. Со неа се подготвува техничката основа за наредните интервенции. Квалитетната документација треба да ги опфати и одводнувањето и безбедноста, за новиот коловоз да биде поотпорен на оштетувања. [Д16] [Д18]

Нова проектна подготовка за четири улични делници

На 10 октомври е објавен огласот 17614/2026 за изработка на проектна документација и ревизија. Во уличниот дел се предвидени „Австриска“ со 600 метри, дел од „Браќа Моцаноски“ со 230 метри и дел од „Филип Втори“ со 180 метри во Кривогаштани, како и дел од „Илинденска“ во Славеј со 290 метри. Вкупниот опфат за проектирање е 1.300 метри.

Постапката по огласот е завршена и објавена е Одлука за избор на најповолна понуда за секој дел поединечно.

4 Водоснабдување и третман на отпадните води

Работа на проблемите во водоснабдувањето

Снабдувањето со вода останува основна потреба на секое семејство и стопанство. Во текот на годината имавме повеќе средби со раководството на Општина Долнени и со комуналното претпријатие за честите прекини во Подвис, Годивле и Кореница, кои се снабдуваат преку системот „Студенчица“. Соработката е потребна затоа што водоснабдувањето зависи од инфраструктура и институции што ги надминуваат границите на една општина. Доставени беа и официјални писмени барања до ЈП Студенчица и Општина Долнени за откривање на причините и превземање на соодветни мерки. [26]

На 29 јули Советот ја дополни урбанистичката програма со проект за доводен цевковод од системот Кривогаштани до водоводната мрежа во Кореница. Тоа е чекор во подготовката на решение и така го прикажуваме. За функционален цевковод се потребни завршена документација, обезбедено финансирање, изведба и соодветни приклучоци. [27]

Одлуката за преземање 505.757 денари долг на ЈП „Пелагонија“ кон „Студенчица“ беше донесена со цел да се поддржи основната дејност во услови на блокирана сметка. Оваа мерка ја поврзува финансиската состојба на претпријатието со потребата граѓаните да добиваат вода. Долгорочното решение бара истовремено следење на техничките загуби, наплатата и обврските на системот. [9]

Пречистителната станица за Бела Црква и Воѓани

На 24 јули 2026 година е склучен договор со „Игнација ФМ“ за фазата на пречистителната станица во проектот за фекална канализација на Бела Црква и Воѓани. Договорната вредност е 8.991.592,04 денари со ДДВ. На 3 септември е склучен и договор за надзор со „МГ Проект“, во износ од 7.080 денари со ДДВ. [Д6] [Д2]

Овој проект треба да придонесе кон правилен третман на отпадните води и кон подобро користење на канализационата инфраструктура. Според оперативната проектна евиденција, изведувачот е воведен во работа и започнати се почетни активности. Проектот е во изведба. Резултатот за граѓаните ќе биде целосен кога станицата ќе биде изградена, проверена и пуштена во функција, со обезбедено управување и одржување.

Развојната насока во комуналната инфраструктура

Планот за развој на комуналните дејности за 2026 до 2028 година ги опфаќа водоснабдувањето, канализацијата и локалните патишта. Во него се предвидени и документација за довод од „Студенчица“, работа на бунарот во Обршани, санација на пречистителната станица во Кривогаштани и натамошни канализациони фази. Ова се програмски определби чие остварување треба да се следи поединечно. [28]

Во таа насока, општината останува посветена на идејата за поврзување со регионалниот водовод Студенчица и превзема конкретни активности. Обезбедена е потребната писмена согласност од ЈП Студенчица со приклучни точки и поднесена е апликација на повикот од Министерството за животна средина, за изработка на техничка документација.

Ќе продолжиме да го поставуваме водоснабдувањето меѓу првите приоритети. При изборот на решенија треба да се земат предвид квалитетот на водата, сигурноста на снабдувањето, трошокот за одржување и можноста претпријатието трајно да го управува системот.

5 Комунални услуги и управување со отпад

Возило и опрема за собирање отпад

На 26 август 2026 година општината објави прием на ново специјализирано возило за собирање отпад, наменето за ЈП „Пелагонија“. Возилото е обезбедено во рамките на регионалниот проект за управување со цврст отпад, преку Министерството за животна средина и просторно планирање, со поддршка од Европската банка за обнова и развој и Европската Унија. Така се зајакнува техничкиот капацитет за комуналната услуга. [29]

Во јануари беа доставени и нови контејнери за претпријатието. Опремата е дел од истата насока на подобрување на собирањето отпад. Нејзината корист треба да се следи преку распоредот, редовноста на собирањето и правилното користење на кантите и контејнерите во населените места. [30]

Јавно осветлување и тековно одржување

На 2 јуни е склучена рамковна спогодба за набавка и монтажа на опрема за улично осветлување со „ДК Електрик 2017“, во вредност од 750.000,92 денари со ДДВ. Испораките и монтажата се вршат според писмени налози и потребите на општината, врз основа на пријавени дефекти и прегорени сијалици.

Договорот за електрична енергија со „ЕСМ Продажба“, со евидентирана вредност од 4.000.000,58 денари, го опфаќа периодот од 1 септември 2026 до 31 август 2027 година, или до искористување на средствата. Тие вредности се договорен обем, а реалната потрошувачка се утврдува според испораките и фактурите. [Д8] [Д1]

Учество во регионалното решение

Во овој период Кривогаштани учествуваше во работата на Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад за Пелагонискиот и Југозападниот регион. Во јануари беа објавени конституирањето и првата работна седница, а во мај беше остварена средба со SALAR International за унапредување на управувањето со отпад. [31] [32]

На 8 октомври беше разгледана нацрт-верзијата на Регионалниот план за 2027 до 2032 година. Темите опфаќаат собирање и селекција, регионалниот центар, претоварните станици и затворање на нестандардните депонии. Тоа е процес на подготовка на заеднички систем, кој ќе бара усогласени одлуки и постапување од повеќе општини. [33]

Започната селекција на пластика во домаќинствата

На 14 октомври започна првата фаза на селекција на отпадна пластика во домаќинствата, во соработка со ЈП „Пелагонија“ и SALAR International. Во почетниот опфат се вклучуваат доброволни домаќинства од улицата „Филип Втори“ во Кривогаштани, со бесплатни канти и упатства за користење. И лично го потпишав првиот договор како жител на општината. Активноста е дел од проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво“, финансиран од Шведска. [34]

Со тоа селекцијата доби практичен почеток. Следните задачи се редовно собирање на издвоената пластика, следење на количините и оценка на искуството пред проширување. Првата фаза има ограничен опфат, а планирано е услугата да се проширува во целото населено место, а потоа етапно да се преминува и во останатите населени места во општината. Овој процес ќе бара дополнителна организација на ЈП Пелагонија и учество на домаќинствата. [34]

6 Животна средина и заштита на земјоделското земјиште

Чистење на каналите и речните корита

Во соработка со Подружницата „Прилепско Поле“ и Дирекцијата за заштита и спасување беше следено чистењето на каналот „Блато“ и каналската мрежа во Боротино. Потоа продолжија активностите на Крушевска Река со опфат од околу 3.000 метри речно корито. [35] [36]

Овие активности имаат непосредна врска со одводнувањето, протокот на водата и заштитата на земјоделското земјиште и околната инфраструктура. Работите ги изведуваше надлежната подружница, а општината учествуваше во координацијата и теренското следење. Ќе продолжиме да ги пријавуваме критичните места и да бараме навремено одржување на каналската мрежа.

На 22 октомври објавивме и превентивен апел за навремено чистење на каналите и одводните површини пред домовите, во пресрет на есенските и зимските врнежи.

Отстранувањето наноси, лисја и отпад помага водата да истекува непречено. Ова е информирање и повик за превенција, а обемот на фактички исчистени канали треба да се утврди со теренската евиденција. [37]

На 28 октомври, на Локалниот совет за превенција, ги разгледавме и водотеците, каналите, речните корита и насипите, со акцент на навремени мерки за намалување на ризикот од поплави. Ова ја продолжува координацијата за критичните места. Дополнително изведените чистења се потврдуваат со теренски налози и записници. [94]

Акции за чистење и одговорен однос кон ресурсите

Општината учествуваше во „Генералка викенд 2026“, со активности на повеќе локации и со вклучување на ЈП „Пелагонија“, пожарникарите, општинската администрација и училиштата. Ваквите акции ја подобруваат состојбата на конкретни јавни површини и ги поврзуваат институциите со граѓаните во заедничка работа. [38]

Со ЛАГ „Агро Лидер“ беше потпишан меморандум за иницијативата „3 Hearts“, поврзана со повторна употреба на отпадна хартија и подготовка на еколошки моливи и боички. Потпишаното партнерство е основа за активностите, а производството, количините и евентуалните работни ангажмани треба да се следат преку проектните извештаи. [39]

Во програмските документи е предвидена и работа на енергетската ефикасност. Во мај е усвоена програма за 2026 до 2028 година. Таа треба да ја насочи подготовката на мерки за поефикасно користење енергија во јавните објекти и системи. За секоја реализирана мерка ќе биде важно да се споредат потрошувачката и трошоците пред и по нејзиното спроведување. [8]

Проектна документација за сончева енергија

Огласот 17614/2026 опфаќа и основни проекти за кровни фотонапонски електроцентрали на училишната зграда и спортската сала „Манчу Матак“, општинската административна зграда и пречистителната станица во Кривогаштани. Со ова ја подготвуваме техничката основа за мерки што треба да ја намалат потрошувачката од мрежата и трошоците на јавните објекти.

Заштита на блатниот даб

На 30 октомври започнавме со активности за санација и заштита на стеблото блатен даб, Quercus pedunculiflora, кај црквата „Св. Димитрија“ и гробиштата во Кривогаштани. Ова дрво има статус на заштитена природна реткост и потребна е стручна процена на здравствената состојба и механичката стабилност за што ќе биде изработен елаборат од страна на овластено лице од Шумарскиот факултет - Скопје. Следниот чекор е соработка со надлежните институции и стручни лица за утврдување

мерки и активности што ќе го зачуваат стеблото и ќе ја зголемат безбедноста на посетителите.

7 Земјоделство и локална економија

Сточниот пазар и потребите на производителите

На 11 мај 2026 година јавно беше објавено повторното отворање на сточниот пазар во Кривогаштани од 13 мај. За сточарите тоа е можност да имаат организирано место за продажба и откуп и полесно да се поврзуваат со купувачите. Но, поради намалениот фонд на добиток, овој пазар во изминатиот период не успеа да заживее. [40] [41]

Поддршката на земјоделството е поврзана и со пристапните патишта, каналите, водоснабдувањето и јавните услуги. Чистењето на речните корита и реконструкциите на локалните сообраќајници се важни за движењето на луѓето и механизацијата. Потребите на производителите треба да бидат дел од определувањето на инфраструктурните приоритети во секое населено место.

На 8 јули е склучена рамковна спогодба за тампон од дробен камен со „Микро Фикс“, во износ од 500.000,22 денари со ДДВ. Со неа се обезбедува можност за набавка на материјал според потребите на локации во општината. [Д7]

Видливост на локалното производство

Фестивалот на пиперката создаде простор за претставување локални производи, преработки и традиционални специјалитети. Со изложбените штандови и учеството на производителите, манифестацијата го поврза земјоделскиот идентитет на Кривогаштани со културната програма и посетителите. [43]

Соработката со локалните компании, ЛАГ „Агро Лидер“ и другите партнери помогна во организацијата. Во следниот период ваквите настани треба уште појасно да им служат на производителите, преку добро претставување на нивните производи и можности за нови деловни контакти.

8 Образование и поддршка на учениците

Услови за работа на училиштата

На 11 декември 2025 година Советот донесе одлука за дополнување на блок-дотациите за ООУ „Манчу Матак“ во Кривогаштани и ООУ „Јонче Смугрески“ во Обршани. Предвидени се 1.480.000 денари за пелети и течно гориво за огрев и 258.000 денари за тековни трошоци и основни материјали во „Јонче Смугрески“. Оваа одлука е насочена кон потребите за одржување на наставниот процес. [44]

Во мај следуваше и одлуката за преземање долг на училиштето во Обршани од 1.581.196 денари, поради блокирана сметка. Училиштата треба да имаат услови за работа и кога се соочуваат со финансиски тешкотии. Општинската поддршка мора да биде проследена со уредно финансиско управување и следење на обврските во самите установи. [8]

Поддршка за првачињата и ученичките успеси

На почетокот на учебната 2026 и 2027 година беше објавено доделување ранчиња и училиштен прибор за првачињата во двете основни училишта. Тоа е конкретна поддршка за децата и нивните семејства во првите училишни денови. [45]

На 14 април 2026 година беше усвоен правилник за наградување ученици со постигнати резултати на државни и меѓународни натпревари. Во објавените правила се наведени награди од 7.000 денари за прво, 4.000 за второ и 3.000 за трето место. Во јуни беа претставени и ученици со постигнати резултати, како и признанијата за првенците Ана Цветкоска од „Манчу Матак“ и Михаела Маџароска од „Јонче Смугрески“. [46] [47] [48]

Успехот им припаѓа на учениците, нивните наставници и семејствата. Нашата улога е да го препознаеме трудот и да создадеме услови повеќе деца да имаат можност да го развиваат својот талент.

Наградените учесници во „Прочкарска смеа за секого“ беа поддржани и со посета на Охрид, што ја поврза училишната креативност со заедничко доживување и дружење. [49]

9 Социјална заштита и еднакви можности

Стручна помош поблиску до домот

Социјалната политика ја насочуваме кон секојдневните потреби на семејствата. За постар човек што тешко се движи, за родител што сам се грижи за дете или за семејство со ограничени приходи, достапноста на услугата има непосредно значење. Патувањето до друг град носи дополнителен трошок и често го отежнува барањето помош. Затоа работиме со установите и здруженијата за поддршката да биде поблиску, со јасни информации и со почит кон достоинството на секој корисник.

Во партнерство со Здружението „Центар за развој и едукација“ од Прилеп се обезбедуваат бесплатни услуги од физиотерапевт и психолог, како и можност за логопедска поддршка за лицата и семејствата во социјален ризик. Во март е потврден почетокот на физиотерапевтската услуга во општината. Преку проектот „ТРАНСАКТ“ се обезбедуваат и услуги во домашни услови. На луѓето што тешко се движат ова им го олеснува пристапот до стручна помош, а на семејствата организацијата на грижата и превозот. [50]

Со истото здружение продолжува услугата „Помош и нега во домот“. Во неа соработуваме со општините Прилеп и Долнени, Министерството за социјална политика, демографија и млади и Меѓуопштинскиот центар за социјална работа. Негувателите им помагаат на постарите и немоќните лица во секојдневните обврски и во продолжувањето на животот во сопствениот дом. Ова е продолжување на постојна меѓуопштинска услуга, на која ѝ даваме поддршка во мандатот.

Поддршка за постарите и лицата со попреченост

На 30 јуни беше отворен Центарот за дневен престој на стари лица со активно стареење во Прилеп. Достапен е и за жители на Кривогаштани и нуди можности за дружење, рекреација и стручна поддршка. Проектот се реализира со надлежното министерство, Светската банка и партнерските општини и здружението. Центарот се наоѓа во Прилеп, а неговата меѓуопштинска достапност ја проширува поддршката за нашите повозрасни жители. [51]

Во август беше потпишан договор за грант за воспоставување дневен центар за лица со попреченост за подрачјето на Кривогаштани и Прилеп. Во тек е работа за воспоставување на услугата. Следните чекори треба да обезбедат услови за функционирање и соодветна индивидуална поддршка за корисниците и нивните семејства. Потпишаниот грант е важен напредок, а отворањето и редовната работа на центарот остануваат задачи што претстојат. [52]

Помош за непосредните потреби на домаќинствата

Преку здружението „Центар за развој и едукација“ и проектот „ТРАНСАКТ“ беа поделени повеќе од 150 хуманитарни пакети со основни прехранбени производи и средства за хигиена за сограѓани во социјален ризик, со поддршка од надлежното австриско министерство. Оваа помош покрива дел од непосредните потреби на домаќинствата. За трајно подобрување на нивната положба се потребни континуирани услуги и можности за посигурни приходи. [53]

Заедно со училиштата и градинката го одбележавме Светскиот ден на социјалната правда. Учеството на децата отвора простор уште од најрана возраст да се разговара за еднаквоста, заемната почит и помагањето на другите. Овие содржини се дел од градењето средина во која луѓето полесно ја препознаваат потребата од поддршка.

На 19 октомври, на настанот во Мултимедијалниот центар по повод Меѓународниот ден за искоренување на сиромаштијата, ги претставивме мерките и разговаравме за следните потреби. Важно е во планирањето да учествуваат и луѓето на кои им е наменета помошта. Тие можат најдобро да посочат кога информацијата е нејасна, постапката е тешка или услугата не е доволно достапна.

Новороденчиња и поддршка на родителите

Меѓу општинските мерки е еднократната помош од 6.000 денари за новороденче. Со посебната одлука од 20 февруари е предвидена помош од 10.000 денари за новородено дете чија мајка е регистриран земјоделец. Во рурална општина ова е конкретно препознавање на потребите на семејствата и положбата на жените во земјоделството. [54]

Во градинката „Весело штркче“, во објектите во Кривогаштани и Обршани, месечната партиципација е 1.490 денари по дете. На 19 октомври најавив иницијатива самохраните родители да бидат ослободени од овој трошок. Следната задача е да се предложат и донесат потребните одлуки на Советот, со утврдени услови и финансиско покритие. [55]

За Буџетот за 2027 година најавив и барање за повеќе средства и зголемување на помошта за новороденчиња. Конечните износи ќе зависат од одлуките на Советот и од усвоениот буџет. До донесувањето на тие акти важат постојните износи од 6.000 и 10.000 денари. [55]

Поддршката за ранци и прибор за првачињата и правилата за наградување ученици, прикажани во образовната област, исто така им помагаат на семејствата. Со училиштата и родителите треба навреме да ги препознаваме децата на кои им е потребна дополнителна поддршка при учењето и учеството во активностите.

Превенција од насилство и подобра координација

Со ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, беше реализиран форум театар на тема насилство и врсничко насилство, со ученици и наставници од двете основни училишта, во рамките на кампањата „16 дена активизам“. Разговорот за прифаќање на различностите, меѓусебна поддршка и навремено барање помош е важен за безбедноста и вклученоста на децата. [56]

Годишната програма за социјална заштита и планот за еднакви можности за 2026 година ја даваат рамката за оваа работа. На 20 февруари е донесена и одлука за формирање Совет за социјална заштита. Преку координацијата со установите и давателите на услуги треба појасно да се утврдуваат потребите, одговорностите и начинот на упатување на корисниците. [57] [58] [59]

На 26 октомври е повторно објавен повикот до евидентирани невработени лица со ниски квалификации за проектот „Јавни работи“, со ангажман во ЈП „Пелагонија“. Повикот предвидува еден циклус од 30 дена, по четири часа дневно, со дневен бруто надомест од 800 денари по избрано лице.

Нашата следна задача е поддршката да има континуитет и проверлив опфат. За тоа треба усогласени евиденции за корисниците и услугите, со заштита на личните податоци, и повратни информации од семејствата. Партнерските средства и

општинските средства ќе ги прикажуваме според нивниот извор, за да се знае како е обезбедена секоја услуга и што е потребно таа да продолжи.

10 Здравје и безбедност на граѓаните

Иницијатива за итна медицинска помош

На 23 септември до Министерството за здравство беше доставена иницијатива за подрачна служба, пункт или друг модел за итна медицинска помош во Кривогаштани. Побарани се разгледување на потребата и координација за медицински тим, интервентно возило и опрема. Во иницијативата е наведена и можноста службата да опслужува соседни населени места во Крушево и Долнени. [62]

Општината понуди подготвеност за простор и логистичка поддршка. Целта е побрзо реагирање во итни состојби, особено во руралните места.

Иницијативата треба да биде разгледана од надлежните здравствени установи и министерството, а одлука за воспоставувањето на услугата треба да донесе Владата на РСМ. [62]

Бесплатни превентивни прегледи за жените

Во соработка со ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, беа организирани бесплатни гинеколошки прегледи преку мобилна гинеколошка амбуланта, со стручно советување. На жените од општината им беше олеснет пристапот до превентивна здравствена услуга, особено кога патувањето и трошоците се пречка да се побара преглед. Оваа активност ја потврдува и обраќањето од 19 октомври.

Превенција и опременост на службите

Во септември беше објавено обезбедување нови униформи и опрема за територијалната противпожарна единица. Во јули беше одржан и координативен состанок со полицијата, пожарникарите и ЈП „Пелагонија“ за превенција и заштита од пожари. Овие активности ја поддржуваат подготвеноста на локалните служби и нивната соработка.

За дезинсекција и дератизација е склучен договор со Центарот за јавно здравје во Прилеп од 111.700 денари со ДДВ. Покрај известувањата за планираните третмани, на 29 септември е објавена потврда за извршена дополнителна ларвицидна дезинсекција и редовна дератизација претходниот ден. [Д10] [65]

Во август јавноста беше известена дека примерокот од јавната чешма со кисела вода во Крушеани е здравствено неисправен за пиење. Навременото објавување на ваков резултат е потребно за граѓаните да добијат јасна информација за конкретниот извор на вода. [66]

На 28 октомври се одржа седница на Локалниот совет за превенција. Разговаравме за општата безбедност, сообраќајот и заштитата на пешаците и учениците, превенцијата од врсничко и интернет насилство и злоупотребата на алкохол и дроги. Беа разгледани и превенцијата од пожари и подготовките за зимскиот период, вклучувајќи ги јавните објекти, пристапните патишта и основните комунални услуги. [94]

Сообраќајна култура и регионални патишта

Со Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот и полицијата беа реализирани превентивни активности, ликовен конкурс и велосипедски настан по повод Европскиот ден без автомобили. Училиштата имаат важна улога во развивањето навики за внимателно однесување во сообраќајот, а јавните настани ја поврзуваат таа едукација со родителите и заедницата. [67] [68] [69]

Во јуни беше испратено отворено писмо за санација на банкините и натамошно проширување и модернизација на регионалните правци Р2335 и Р2339.

На 9 октомври е јавно претставена и иницијатива општината, со согласност од ЈП за државни патишта, да го преземе одржувањето на осветлувањето на проблематичниот дел од регионалниот пат кај Славеј. Ова се барања до надлежните институции што продолжуваме да ги следиме. [70] [71]

Во прегледаните официјални јавни извори до 1 ноември не е пронајдена потврда за ново одобрено финансирање или рок за реконструкција на делниците Р2335 Кривогаштани - Обршани - Воѓани и Р2339 Ново Лагово - Граиште за 2027 година.

На 30 октомври во општината пристигна одговор на нашето барање од Министерството за транспорт, каде Министерството ја потврдува надлежноста на Јавното претпријатие за државни патишта, и не известува дека барањето е проследено до ЈПДП за натамошно постапување.

На страницата на ЈПДП за годишни програми последно е наведена програмата за 2026 година. Барањата остануваат приоритет за натамошно постапување со надлежните институции.

11 Млади и спорт

Учество на младите во одлучувањето

Во мај беа избрани пет членови на иницијативниот одбор за организирање локално собрание на млади. Потоа беа објавувани повици за делегати и за локалниот младински совет. Со овие постапки се создава основа младите да бидат вклучени во формулирањето на локалните потреби и приоритети. [72] [73]

Ќе продолжиме да го развиваме учеството во соработка со младинските организации и училиштата. Постојниот младински простор и ангажманот на „Урбано Гнездо“ од

Кривогаштани се важни ресурси. На завршната конференција на проектот „Младински политики по мерка на младите“ во септември беше претставен и придонесот на оваа организација, вклучително и искуството на сертифициран младински работник од Кривогаштани. [74]

Целта е младите да имаат можност да предложат активности, да преземат одговорност во нивната реализација и да добијат одговор од општината. За тоа ќе биде важно постапките за младинско претставување да се довршат и телата да работат редовно, со јасни информации за своите предлози и одлуки.

Менталното здравје и поддршката на младите

На 22 октомври во Мултимедијалниот центар се одржа едукативната презентација „Изрази се – младите го кршат молкот“, на иницијатива на општината и во соработка со СОУ „Ѓорче Петров“ од Прилеп. Учествуваа деветтоодделенци од ООУ „Манчу Матак“ и ООУ „Јонче Смугрески“. Се разговараше за препознавање стрес и анксиозност, училишните и врсничките притисоци и навременото барање поддршка. [75]

Со вакви содржини го користиме Мултимедијалниот центар и како простор за прашањата што ги засегаат младите. Едукативниот настан е реализирана активност, а понатамошната грижа бара соработка меѓу семејствата, училиштата, стручните лица и општината. [75]

Спортски содржини и инфраструктура

Во програмата на културното и спортското лето беа реализирани турнир во мал фудбал и меморијален турнир во баскет. Во март беше одржан и спортски настан по повод Меѓународниот ден на лицата со ретки болести. Овие активности ги поврзуваат рекреацијата, дружењето и јавната поддршка за важни општествени теми. [76] [77]

За повеќенаменско игралиште во Обршани во ECJH е евидентиран договор од 4 ноември 2025 година со „Стентон Градба“, во вредност од 8.800.390,56 денари со ДДВ. Во март 2026 година е склучен и договор за надзор од 220.009,76 денари. Ова е инфраструктурна обврска што ја следиме како дел од континуитетот на општинската работа. Во оперативната проектна евиденција игралиштето е заведено како проект во тек. Завршувањето и пуштањето во употреба треба да бидат потврдени со соодветни документи. [Д22] [Д15]

12 Култура и промоција на Кривогаштани

Културна програма достапна во општината

